**20242594559**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 100 став (4) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИТЕ И НОРМАТИВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВИТЕ ЗА ДЕЦА

Член 1

Во Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16, 151/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/22), членот 61 се менува и гласи:

„(1) Бројот на стручни работници: педагог, психолог, социјален работник, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, доктор по медицина и доктор на стоматологија се определува според развиеноста на детските градинки/центри за ран детски развој и тоа:

- во детски градинки/центри за ран детски развој со мал капацитет - по еден стручен работник по ниво од став (1) на овој член, со полно работно време односно со по 40 работни часа неделно;
- во детски градинки/центри за ран детски развој со среден капацитет - по еден стручен работник по ниво од став (1) на овој член, со полно работно време односно со по 40 работни часа неделно;
- во детски градинки/центри за ран детски развој со голем капацитет - по еден стручен работник по ниво од став (1) на овој член, со полно работно време односно со по 40 работни часа неделно;

(2) Бројот на соработници: музички педагог, ликовен педагог, педагог по физичко воспитание, професор по странски јазик и книжевност, виша медицинска сестра и социјален работник се определува според развиеноста на детските градинки/центри за ран детски развој и тоа:

- во детски градинки/центри за ран детски развој со мал капацитет - по еден стручен соработник по ниво од став (2) на овој член, со полно работно време односно со по 40 работни часа неделно;

- во детски градинки/ центри за ран детски развој со среден капацитет - по еден стручен соработник по ниво од став (2) на овој член, со полно работно време односно со по 40 работни часа неделно;
- во детски градинки/центри за ран детски развој со голем капацитет - по еден стручен соработник по ниво од став (2) на овој член, со полно работно време односно со по 40 работни часа неделно."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 04-8182/1
17 декември 2024 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Лимани**, с.р.